Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 07.08.2025 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Планска програма за изработка на Детален Урбанистички План за дел од Блок С-01, Општина Крива Паланка, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Крива Паланка (**www.krivapalanka.gov.mk**).

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 од Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ планскиот документ Планска програма за изработка на Детален Урбанистички План за дел од Блок С-01, Општина Крива Паланка **нема да има потреба од спроведување на стратегиска оцена имајќи во предвид дека овој плански документ ги задржува класите на намени опфатени со постоечкиот ГУП за Крива Паланка донесен 2023 година, а за кој е спроведена стратегиска оцена**.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. **29-4661/1**
Датум: **07.08.2025 година**
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски